


Пулам, пулам и не си верувам, си велам, ва жента може да е МИЈКА, асли

она е! Чеки да а питам….

- Ка та викат мр’ теп?

Дали си мома или ниvеста, незн’м чија си. Ут кои људе си? Мр’ ка та викат?

- Мен м’ викат Мијка, внукта на баб’  Муша ут Крунцеливо…

- А теп’ ката викат бре? Ти си Гели? Ти си внукут на Митра и на  Гели

Билташови?  Бог да иј  просте!  Ногу арни људе бија.

Твојут дедо Ѓели, а ти си крстен на нејното име, он бише пручуен за

којните. Имше мурафет как' да иј тимаре...

Шо праве тач'ти? Мици гу викат, нели? Ејгиди, ејгиди! Ќи са забравме.

Ми, гудини поминаја ут как' а минаме та палена граница.

С' распрчкаме едни наваќи, друѕи нанаќи, и са загубиме, Така дујде

времту нимојме ни д' са познајме.

Д' т' питам и з' мајка ти, она арна е?  Чин' му здраву-живу ут мен',

бартучедата Мијка ут Јуванчуви. Ут Мијка на Сава. Сава на Гуши ут

Цакони.

- А,а зн'м!  Гуши и брат му Лазо, су друѕи шест души иј зеја на душа,

така, џабе иј стрелаја, за ништу кабат, акут му гу зеја…

- На Маџирте ќефут му с’ чини. Бесут да иј фате, јок да са чинат! Аздисаја ут ка с’ ујдисаја су бурандарте.

Воукут да иј туре, турлакут да иј удре!..Земна да нема да с’ закопат,

бутурајќот да иј фате, ниедин да не куртулисе! Да даде Господ, чума

да иј удре, да баталисат, коренут и гробут да нем’ са знае... да с’

истимилисат….

- Чул те Годпод, ут твоја муцка и божји уши!

- Адна лакардија нејќија да залафат на ендопски пу наше, тукашно.

Баба адн’ш, а зе прчката и а причека как’ Лиа, ка си иде ут доуната мала. А фрсна су прчката и му риче: Дека м’р бише? Рашитарка ќи та правам? Г’зут ќи ти го пусијнам, к’шмерко! Пули лаф да не ти испадне, нам ка ќи та м’жме?

- А сегичка д’ т’ питам, как’ ти веле умут, дали ќи са врниме назад?

- А бре улум, (оламџим) един Господ знае! Анџак с’ видеме на пу арну

тука. Бунлук јадејне, пиејне, леп коуку сакиш, пиперки, думати, се’

има, сау мајка и татко нема...

Најадени, напиени, испрани, дутерани, ујдисани, арисани, вода коуку

сакиш мојш да турувиш. Има ногу дујќани и мојш да си купиш чејли,

пандофли, чурапи, гајќи, фусти су фистони и ќинијна и фустани куту

наште у Македонија.

Поуни дујќани су мрели, чанти,торби, кушули,

палтијна, скорни-чејли, прстени и гримни...и се’ дал Господ у ва

Америка.

Е, не п’ра има ракија и цигари, ама има арно, ногу уб’ву

вино. Соу да гу смукиш, ногу е питко! Само у грлото с’ л’зге.

Тука е ујгун за љујто куту нас и з’ друѕи ут с’та дујна има дујдени.

Су очи да пулиш и д’ не вирувиш!

- Да не си јан’лш  м’р  Мијко? Шо с’ лафиш?

-  Не с’м, не с’м бре Гели. Јан’лш не с’м! А пишман може ќи са чинам,

ама пу напкум

А ти Гелче наш, кога ќи ма зевиш на слика? Јаска  сакам да та пулам и да

са лафме. Ва вечер ва лафиме су Ирена. Бишик у неа и ногу ва

поздрави.

Па ма пите дали ќи дојте у нас. Му кажак оти сте  на п’тут  да а вијте

кујќата на Хемингвеј и оти ми такса за друг п’т оти ќи дојте у нас на

гости у Бостон.

Она ут к’ с’ врна ут Шангај, глава ни може да крене. Шо ут работа, шо

ут шо не бише арна . Имше прустинато. Ич не с’ пуле самта, соу пуле да

му угоде на с’те пу  дома, па и на нас су Ристе.

Му велам, сврти са тро’ на к’де теп’, оти и твојто време заминуве.

Е Гели, к’ биме млади и ние не мисликне оти ќи устарме, ама се’ си е

ду врем’ту. Вија су Виолета сте оште млади, туку пулејте да ви направе

Верица книги  з’ зилена карта при неа да живте у Америка.

Ако имте тро к’смет ногу арно ќи ви биде, пулејте и правејте, слушајте шо ви велам, за арно ви лафам…

Трачам оти имте ак да ви дадат зилена карта, напкум е полесно.



Марија Воденска

Штип, Р. Македонија , 12 април 2015 година